СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

ул.Антон Попов бр.1-4/5 Скопје
☎ (02) 3246 851/852

**Бр.02-922/6**
**Скопје, 29.09.2020 година**

# П Р А В И Л Н И К
# за стручен надзор над стручната работа на здравствените установи и здравствените работници и соработници

*(пречистен текст)*

**Скопје, 2020 година**

Врз основа на член 261 став 1, член 296 и 297 од Законот за здравствената заштита *(„Службен весник на Република Македонија" број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14,188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19 и 275/19)* и член 21 став 1 алинеја 21, член 70 и член 81 став 1 алинеја 15 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, на седница на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, одржана на ден **24.09.2020** година донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## за стручен надзор над стручната работа на здравствените установи и здраствените работници и соработници
*(пречистен текст)*

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со овој Правилник се пропишува видовите и постапката за спроведување на стручниот надзор над стручната работа на здравствените установи кои вршат здравствена дејност и здравствените работници (во понатамошниот текст: докторите на стоматологија) и соработници кои вршат здравствена дејност, Годишниот план за стручен надзор над работата на здравствените установи и здравствените работници, составот и надлежностите на Комисијата за стручен надзор како и други прашања поврзани со вршењето на стручниот надзор.

(2) Субјекти на стручниот надзор се здравствените установи кои вршат здравствена дејност и здравствени работници и соработници, кои вршат здравствена дејност (во понатамошниот текст: Субјекти на надзор).

**Член 2**

Надзорот над стручната работа на субјектите од член 1 став 2 на овој Правилник, се врши заради контрола над стручната работа, спроведување на стручните упатства, оцена на стручната работа, како и процена на условите и начинот на укажување на здравствената заштита.

### 2. ВИДОВИ НА СТРУЧЕН НАДЗОР

**Член 3**

Надзорот над стручната работа се врши како редовен стручен надзор и како стручен надзор по потреба.

**Член 4**

(1) Редовниот стручен надзор се врши во рамките на Годишниот план за стручен надзор над работата на субјектите од член 1 став 2 на овој Правилник.

(2) Редовен стручен надзор над работата на субјектите од член 1 став 2 на овој Правилник, согласно планот од став 1 од овој член, по правило се спроведува најмалку еднаш во период од седум години.

**Член 5**

(1) Стручниот надзор по потреба е надзор кој го врши Комората во посебни случаи, особено кога постои закана за животот и здравјето на пациентите при користење на здравствените услуги и во други случаи кога ќе се појави потреба.

(2) Стручниот надзор по потреба се врши на барање на пациент, член на неговото семејство или државни органи.

(3) Барањето за спроведување на надзор над стручната работа, по потреба се доставува во писмена форма поткрепено со соодветна документација. Документацијата треба да содржи:

- писмено барање
- други докази со кои пациентот докажува дека посочената грешка е направена од страна на докторот по дентална медицина
- доколку барателот нема соодветна документација треба да даде Изјава заверена на нотар по однос на случајот

(4) Оправданоста на спроведување на стручниот надзор над стручната работа по потреба, ја оценува претседателот на Комората и претседателот на Комисијата за стручен надзор по потреба.

Стручниот надзор по потреба се спроведува само ако докторот по дентална медицина бил член на Комората во периодот за кој се покренува постапката.

## 3. ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СТРУЧЕН НАДЗОР НАД РАБОТАТА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ

**Член 6**

(1) Годишниот план за стручен надзор над работата на субјектите од член 1 став 2 на овој Правилник, го носи Извршниот одбор на Комората, најдоцна до 31 декември во тековната за следната година.

(2) Годишниот план од став 1 на овој член, стапува на сила веднаш по неговото донесување и добиената согласност од министерот за здравство, а се објавува во списанието на Комората и на интернет страницата на Комората.

**Член 7**

Планот од член 6 став 1 на овој Правилник, особено содржи:

- Регионално определување на субјектите од член 1 став 2 на овој Правилник кои во текот на годината ќе бидат опфатени со редовниот стручен надзор
- Податоци на субјектите од член 1 став 2 на овој Правилник кои во текот на годината ќе бидат опфатени со редовниот стручен надзор
- и други податоци потребни за вршењето на стручниот надзор.

## 4. КОМИСИЈА ЗА СТРУЧЕН НАДЗОР

**Член 8**

(1) Стручниот надзор над стручната работа над здравствените установи и здравствените работници (редовен стручен надзор) го спроведуваат Комисии за редовен стручен надзор кои се определуваат од страна на Регионалните одбори од своите членови

на официјални седници по што истите се потврдуваат со одлука на Извршен Одбор на Комората.

(2) При именување на членовите на регионалните одбори во Комисиите, особено треба да се внимава на нивниот состав доколку се спроведува стручен надзор во специјалистичка ординација, односно доколку се врши надзор во специјалистичка ординација најмалку еден член од Комисијата мора да е со специјалистичка лиценца за работа.

(3) Доколку од различни причини не може да се определи соодветен член на Комисијата , регионалниот одбор со писмен допис и образложение бара од Претседателот ан Комората да назначи соодветен член од редот на членовите на Комората, по што претседателот на Комората е должен да донесе решение во рок од најмногу 5 (пет) работни дена по добиеното барање.

(4) По завршување на надзорот, дипломираниот правник е должен да направи увид во записниците и извештаите и да се произнесе по истите во писмена форма.

(5) Листата на членови (регионални комисии) ја определува Извршниот одбор на Комората за период од една година, а најдоцна до 31 декември во годината за наредната година.

(6) Комисијата за стручен надзор на Комората е надлежна за отварање, за покренување на постапка за оправданоста за постапкатса и за составот на комисијата за која Претседателот на Комората дава согласност.

Во работата на Комисијата учествува и дипломиран правник.

**Член 9**

(1) За член на Комисија за стручен надзор се определува доктор на стоматологија кој ги исполнува следните критериуми:

- да има важечка лиценца за работа
- мора да има 7 (седум) години работно искуство во струката или најмалку 5 (пет) години работно искуство како специјалист.

(2) Членовите на Комисијата не смеат да бидат вработени во здравствената установа каде што се врши стручниот надзор.

## 5. ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРУЧЕН НАДЗОР (РЕДОВЕН И ПО ПОТРЕБА)

### 5.1. РЕДОВЕН СТРУЧЕН НАДЗОР

**Член 10**

Во согласност со годишниот план за редовен надзор кој е потпишан од министерот за здравство на Република Македонија, претседателот на Комората издава Налог за спроведување на секој надзор поединечно.

**Член 11**

(1) Налогот за стручен надзор содржи:

- податоци за субјектот од член 1 став 2 од овој Правилник врз чија работа се спроведува надзорот,
- членовите на Комисијата, назначувајчи го и претседателот на таа Комисија
- место, датум и времето на надзорот и

- други информации важни за извршување на надзорот.

(2) Образецот на налогот од став 1 на овој член е даден како Прилог бр.1 на овој Правилник.

**Член 12**

(1) Налогот за спроведување на редовен стручен надзор, најдоцна во рок од 8 (осум) дена пред денот на вршење на надзорот, регионалните комисии за редовен стручен надзор го доставуваат до субјектот од член 1 став 2 на овој Правилник врз чија работа се спроведува стручниот надзор.

(2) Субјектот од член 1 став 2 на овој Правилник, врз чија работа се спроведува стручниот надзор од ставот 1 од овој член е должен веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа по приемот на Налогот, да ја извести назначената регионална комисија за стручен надзор и стручната служба на Комората за невозможност на извршување на надзорот со наведување на причините доколку такви постојат.

(3) Оцената за оправдување на причините за неможност за вршење на стручниот надзор, ја донесува Претседателот на Комората.

(4) Во случај на оправданоста на причините за неможност за спроведување на стручниот надзор, претседателот на Комората во соработка со претседателот на надлежната регионална Комисија , определува нов термин за спроведување на надзорот, кој не може да биде подолг од 30 (триесет) дена од денот на првозакажаниот термин на надзорот.

(5) Во случај на злоупотреба на откажувањето на редовен стручен надзор од став 2 од овој член, се покренува постапка за дисциплинска одговорност пред надлежниот орган на Комората.

**Член 13**

Редовниот стручен надзор се спроведува во присуство на докторот на стоматологија врз кој се спроведува надзорот, лицето одговорно во здравствената установа во која се спроведува стручниот надзор или друго овластено лице и други лица чие присуство е неопходно за да се спроведе надзорот, а по мислење на Комисијата.

**Тек на редовен стручен надзор**

**Член 14**

(1) Редовниот стручен надзор опфаќа:

- проверка на податоците од Налогот,
- проверка на стручната работа на докторите на стоматологија со разгледување на стоматолошката евиденција и спроведување на интервјуа со лицата од член 13 од овој Правилник,
- проверка за почитување на одредбите на Кодексот на стоматолошката етика и деонтологија од страна на докторот на стоматологија во вршењето на неговата дејност,
- проверка на валидноста на лиценци и сертификати од обука за дијагностички и терапевски постапки извршени од страна на докторот на стоматологија во вршењето на неговата дејност,

- составување Записник за извршениот редовен стручен надзор,
- давање на мислење врз основа на затекнатата моментална состојба,
- превземање соодветни мерки врз основа на завршување на надзорот.

(2) Субјектот од член 1 став 2 на овој Правилник е должен на Комисијата за стручен надзор да и обезбеди услови за преглед на документацијата наведена во став 1 од овој член.

(3) Комисијата е должна стручниот надзор да го спроведе во најкус можен рок.

**Член 15**

(1) Субјектот од член 1 став 2 на овој Правилник чија што стручна работа е предмет на стручниот надзор треба да овозможи вршење на стручен надзор и инспекција на простории, објекти, апарати, општи прописи и документи поврзани со и за обезбедување на здравствена заштита.

(2) Субјектот од член 1 став 2 на овој Правилник е должен да ја запознае Комисијата со информации кои, во согласност со законите, се сметаат за доверливи, вклучувајќи и информации за жалби на граѓаните и на судските предмети во врска со обезбедување на здравствените услуги.

(3) Податоците кои ги добива Комисијата при спроведувањето на надзорот се сметаат за тајна.

**Член 16**

(1) По завршување на стручниот надзор Комисијата составува Записник во кој се наведува правниот основ врз основа на кој се спроведува стручниот надзор, податоците за членовите на Комисијата (име, презиме, специјалност и сл.), местото, времето и времетраењето на надзорот, податоци за докторот на стоматологија врз кого се врши стручниот надзор, вклучувајќи податоци за внатрешната организација на здравствената установа и приказ на констатитраната состојба.

(2) Записникот го потпишуваат членовите на Комисијата и лицата присутни согласно член 13 од овој Правилник, а задолжително се става и печат од здравствената установа во која што е извршен надзорот.

(3) Ако некое лице од присутните, согласно член 13 од овој Правилник имаат забелешки на Записникот, тие ќе бидат внесени во Записникот и претставуваат составен дел од него.

(4) Образецот на Записникот од став 1 на овој член, е даден во Прилог бр.2 на овој Правилник.

**Извештај за спроведен редовен стручен надзор**

**Член 17**

(1) Најдоцна во рок од 2 (два) дена од денот на спроведување на редовниот стручен надзор, Комисиите се должни да ги достават документите до стручната служба на Комората, за да можат истите да се архивираат со цел да се запази рокот од став 2 од овој член.

(2) Најдоцна во рок од 8 (осум) дена од денот на завршување на надзорот над стручната работа, Комората доставува Извештај за надзорот до министерот за здравство и до установата во која е извршен надзорот.

(3) Извештајот задолжително ги содржи следните елементи:
- констатирана состојба,
- евентуални недостатоци,
- неправилности или пропусти во вршењето на стручната работа, а особено во однос на спроведување на стручните упатства и условите и начинот на укажување на здравствена заштита,
- стручното мислење за состојбата во установата и настанатите или можните последици по здравјето на луѓето и предлог за определување мерки за отстранување на недостатоците, неправилностите или пропустите и рокови за негово спроведување.

(4) Образецот на Извештајот од став 1 на овој член е даден како Прилог бр.3 на овој Правилник.

**Член 18**

(1) Субјектот од член 1 став 2 на овој Правилник, кој бил опфатен со надзорот може да поднесе приговор на Извештајот од извршениот надзор до министерот за здравство во рок од 3 (три) дена од денот на примеот на Извештајот во установата.

(2) По исклучок од ставот 1 на овој член, ако Комората констатира непосредна опасност по животот и здравјето на граѓаните, го известува министерот за здравствто најдоцна во рок од 24 часа и му предлага преземање соодветни мерки.

**Член 19**

Комората по добиените насоки од страна на министерот, согласно член 298 од Законот за здравствена заштита, ќе пристапи кон преземање на мерки и постапување по истите најдоцна во рок од 15 дена од денот на примеот на истите.

**5.2 СТРУЧЕН НАДЗОР ПО ПОТРЕБА**

**Член 20**

(1) По поднесено писмено барање на пациент, член на неговото семејство или државни органи се спроведува стручен надзор по потреба.

(2) Стручниот надзор по потреба е неодложлив доколку се констатира дека документацијата е целосна и постои оправданост за негово спроведување, согласно член 5 став 3 и 4 од овој Правилник.

(3) Претседателот на Комората издава Налог за спроведување на стручен надзор по потреба брз основа на барањето за спроведување на стручниот надзор.

**Член 21**

(1) Налогот за стручен надзор особено содржи:
- податоци за субјектот од член 1 став 2 на овој Правилник врз чија работа се спроведува надзорот,
- членовите на Комисијата за стручен надзор
- место, датум и време на назорот
- други информации важни за извршување на надзорот.

(2) Образецот на Налогот од став 1 на овој член е даден како Прилог бр.4 на овој Правилник.

**Член 22**

(1) Налогот за стручен надзор по потреба, мора да се достави најдоцна 24 часа пред денот на закажаниот термин за спроведување на надзорот до членовите на Комисијата и субјектот од член 1 став 2 на овој Правилник врз чија работа се спроведува стручниот надзор по потреба.

(2) Субјектот од член 1 став 2 на овој Правилник врз чија работа се спроведува стручниот надзор по потреба е должен веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа по примеот на Налогот, да ја извести Комората за невозможност на извршување на надзорот со наведување на причините доколку такви постојат.

(3) Оцената за оправдување на причините за неможност за вршење на стручниот надзор од став 2 на овој член, ја оценува Претседателот на Комората.

(4) Во случај на оправданоста на причините за неможност за спроведување на стручниот надзор, Претседателот на Комората определува нов термин за спроведување на надзорот, кој не може да биде подолг од 8 (осум) дена од денот на првозакажаниот термин на надзорот.

(5) Во случај на злоупотреба на откажувањето на стручниот надзор по потреба, во став 2 од овој член, се покренува постапка за дисциплинска одговорнот пред надлежниот орган на Комората.

**Член 23**

Стручниот надзор по потреба се спроведува во присуство на подносителот на барањето, неговиот полномошник доколку има, овластен претставник на органот кој го поднел барањето, докторот на стоматологија врз кој се спроведува надзорот, лицето одговорно во здравствената установа во која се спроведува стручниот надзор или друго овластено лице чие присуство е неопходно за да се спроведе надзорот, а по мислење на Комисијата, како и дипломираниот правник ангажиран во Стоматолошката комора на Македонија.

**Тек на стручен надзор по потреба**

**Член 24**

(1) Стручниот надзор по потреба опфаќа проверка на:
- податоците од Налогот,
- проверка на стручната работа на докторите на стоматологија со разгледување на стоматолошката евиденција
- спроведување на интервјуа со лицата од член 23 од овој Правилник,
- проверка на наводите изнесени во барањето за спроведување на надзорот,
- стоматолошки преглед на подносителот на барањето доколку тој е засегнат пациент и на лицето кое е пациент доколку подносителот на барањето е негов член на семејството или државен орган,
- составување на Записник за извршениот стручен надзор по потреба,
- давање мислење врз основа на моменталната затекната состојба.

(2) Субјектот од член 1 став 2 на овој Правилник е должен на Комисијата да и обезбеди услови за преглед на документацијата наведена во став 1 на овој член.

**Член 25**

(1) Субјектот од член 1 став 2 на овој Правилник чија што стручна работа е предмет на стручниот надзор треба да овозможи вршење на стручен надзор и инспекција на простории, објекти, апарати, опрема, општи прописи и документи поврзани со и за обезбедување на здравствена заштита.

(2) Субјектот од член 1 став 2 на овој Правилник е должен да ја запознае Комисјата со информации кои во согласност на законите, се сметаат за доверливи, вклучувајќи и информации за жалби на граѓаните и на судските предмети во врска со обезбедување на здравствени услуги.

(3) Податоците кои ги добива Комисијата при спроведување на надзорот се сметаат за тајна.

**Член 26**

(1) По завршување на стручниот надзор Комисијата составува Записник во кој се наведува правниот основ врз основа на кој се спроведува стручниот надзор по потреба, податоците за членовите на Комисијата (име, презиме, специјалност и сл.), местото, времето и времетраењето на надзорот, податоци за субјектот од член 1 став 2 на овој Правилник врз кого се врши стручниот надзор, податоци за подносителот на барањето за вршење на стручен надзор по потреба, наводите истакнати во барањето за вршење на стручен надзор по потреба како и документација доставена во прилог на истото и приказ на констатирана состојба.

(2) Записникот го потпишуваат членовите на Комисијата, вклучувајќи го и дипломираниот правник и лицата присутни согласно член 23 од овој Правилник.

(3) Ако некое лице од присутните согласно член 23 од овој Правилник, има забелешки на Записникот, тие ќе бидат внесени во Записникот и претставуваат составен дел од него.

(4) Образецот на Записникот од став 1 на овој член е даден како Прилог бр.5 на овој Правилник.

**Извештај за спроведен стручен надзор по потреба**

**Член 27**

(1) Најдоцна во рок од 8 (осум) дена од денот на завршување на стручниот надзор по потреба, Комората доставува Извештај за надзорот до министерот за здравство, установата во која е извршен надзорот или до докторот на стоматологија.

(2) Извештајот задолжително ги содржи следниве елементи:

- констатирана состојба,
- евентуални недостатоци,
- неправилности или пропусти во вршењето на стручната работа, а особено во однос на спроведување на стручните упатства и условите и начинот на укажување на здравствена заштита,

- наводите истаканти во барањето за вршење на стручен надзор по потреба како и документацијата доставена во прилог на истото и приказ на констатирана состојба,
- стручно мислење за констатираната состојба и наводите изнесени во барањето за вршење на стручен надзор по потреба, заклучок, како и предлог за определување мерки за отстранување на недостатоците, неправилностите или пропустите и рокови за нивно спроведување.

(3) Образецот на Извештајот од став 1 на овој член е даден како Прилог бр.6 на овој Правилник.

**Член 28**

(1) Субјектот од член 1 став 2 на овој Правилник кој бил опфатен со надзорот може да поднесе приговор на Извештајот од извршениот надзор до министерот за здравство во рок од 3 (три) дена од денот на примеот на Извештајот во установата.

(2) По исклучок од ставот 1 на овој член, ако Комората констатира непосредна опасност по животот и здравјето на граѓаните, го известува министерот за здравство најдоцна во рок од 24 часа и му предлага преземање соодветни мерки.

**Член 29**

Комората по добиените насоки од страна на министерот, согласно член 298 од Законот за здравствена заштита, ќе пристапи кон преземање на мерки и постапување по истите најдоцна во рок од 15 дена од денот на примеот на истите.

## 6. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 30**

(1) Извршниот одобор, најдоцна во рок од 30 дена од отпочнувањето на примената на овој правилник, ќе го донесе годишниот план од член 6 на овој правилник и листата од член 8 став 5 на овој правилник, за наредната година.

(2) Постапките за надзор кои се отпочнати пред донесувањето на овој правилник, ќе се довршат согласно одредбите на истиот.

**Член 31**

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

(2) Овој правилник ќе се објави во списанието на Комората и на интернет страницата на Комората.

*Скопје, 24.09.2020 година*

**Собрание на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
**д-р Оливер Манасиев**

М.П
Стоматолошка комора на Македонија
СКОПЈЕ